# Воспоставување на
# Центар на извонредност преку систем за микроучење во МИОА

# Подготвителен период во текот на 2012 година

1) Воспоставување на соодветната ИТ инфраструктура во МИОА
2) Креирање на соодветни прирачници и упатства
3) Креирање содржини за повеќе курсеви за микроучење
4) Спроведување пилот за микроучење за вработените во МИОА
5) Спроведеување на пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

# 1) Воспоставување на соодветната ИТ инфраструктура во МИОА

1. Интегрирање на серверот KnowledgePulse на постоечката информатичка инфраструктура во МИОА
2. Тестирање и надградување на серверот на KP
3. Обуки за администраторите
4. Внесување корисници и курсеви
5. Превод и адаптација на клиентската пликација на KnowledgePulse

# 2) Креирање на соодветни прирачници и упатства

1. Прирачник за користење на серверот KnowledgePulse (KP Server Manual)
2. Прирачник за креирање на содржини за учење во системот KnowledgePulse (MicroContent Authoring Handbook)
3. Упатство за инсталирање на KnowledgePulse (KnowledgePulse Installer Guide)
4. Упатство за стартување на KnowledgePulse за Windows (QuickStartGuide for KP for Windows)

# 3) Креирање содржини за повеќе курсеви за микроучење

**Креирање на содржини во соработка со обучувачите на генеричките обуки:**

- Презентирање на системот за микроучење на обучувачите
- Креирање на прашања од областа
- Ревидирање /подобрување на прашањата
- Внес на курсевите во системот КП
- Тестирање на курсевите пред нивната употреба

# 3) Креирање содржини за повеќе курсеви за микроучење

- Вовед во микроучење
- Проекти на МИОА
- Закон за јавни набавки
- Закон за електронско управување
- Управување со човечки реурси
- Антикорупциски мерки и етика во државната служба
- Управување со проектен циклус
- Нема погрешна врата
- Закон за општа управна постапка во делот на прибирање и размена на документи

# 4) Спроведување пилот за микроучење за вработените во МИОА

**Организација на пилотот:**

1. Презентација на системот за микроучење (користење на клиентската апликација) за сите вработени

2. Подготовка на курсеви за таа цел („Вовед во микроучење“ и „Проекти на МИОА“ )

3. 85 вработени следеа 2 курса во период од 2 недели

4. Евалуација на процесот на учење

5. Подготовка на извештај за спроведениот пилот, препораки за подобрување на спроведувањето курсеви со помош на микроучење

# 4) Спроведување пилот за микроучење за вработените во МИОА

**Евалуација на процесот на учење**

врз основа на **два извори на податоци**

1. *Статистиката за учење што ја продуцира серверот на KnowledgePulse*

   (број на користени картчки за учење, процент на завршени курсеви и статистика за активноста при учењето)

2. *On-line евалуационен прашалник*, што беше креиран за оваа цел

# 4) Спроведување пилот за микроучење за вработените во МИОА

**Резултати од евалуацијата:**

1) Околу 70% од државните службеници учеле со помош на KnowledgePulse

2) 100% од лицата кои одговориле на прашалникот сметале дека KnowledgePulse е лесен за користење;

3) KnowledgePulse добро се интегрира во секојдневните активности на службениците: 54% од лицата кои одговориле на прашалникот го користеле КП барем 2-3 секој ден;

4) 84% од службениците кои одговориле на прашалникот изјавиле дека немало да го повторат материјалот  без KnowledgePulse;

# 4) Спроведување пилот за микроучење за вработените во МИОА

**Резултати од евалуацијата** (продолжува):

5) На службениците им се допадна лесното учење и високата флексибилност на учењето со KnowledgePulse, можноста да научат за проектите и новините во МИОА, повторувањето на материјалот и *вкупното искуство на учење*

6) Учесниците гледаат простор за подобрување на содржините и прилагодување на содржините со нивото на нивните предзнаења;

7) Позитивно се изјаснија за користењето на КП во иднина: големо мнозинство од службениците се изјасни дека би сакале да го користат KnowledgePulse за учење во иднина, а 89% сака KnowledgePulse да се воведе во МИОА.

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

- Обучувачите на генеричките обуки креираа прашања за курсевите од својата област

- Овие прашања треба да послужат како основа за **употреба на КП како комплементарен систем на веќе воспоставениот систем на спроведување на генерички обуки во државната служба**

**Две употреби на КП за генеричките обуки во државната служба:**

1) **КП како дополнителна алатка** (Генеричка обука + продолжено учење со КП)
2) **КП како основна алатка** во случаите кога треба да се обучат голем број на државни службеници за определена тема

- Нивелирање на курсевте според намената, за осново и напредно ниво
- Континуирано ажурирање, ревидирање и подобрување на курсевите

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

| Наслов на курс | Институција | Презентација-датум | Активација на курс-датум | Број на лица што учеле со КП |
|---|---|---|---|---|
| Антикорупциски мерки и етика во државната служба | Разл.институци и на централна власт | 09.11.2012 | 19.11.-07.12.2012 | 6 |
| Закон за општа управна постапка | Државен управ ен инспекторат | 26-30.11.2012 | 03-21.12.2012 | 26 |
| Закон за електронс ко управување | Државен управ ен инспекторат | 26-30.11.2012 | 03-21.12.2012 | 26 |
| Закон за електронс ко управување | Разл.институци и на централна власт | 12.12.2012 | 20.12.2012-18.01.2013 | 9 |
| Закон за јавни набавки | Разл.институци и на централна и локална власт | 14.12.2012 | 24.12.2012-21.01.2013 | 13 |

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Цели на спроведувањето на пилот-обуката  со државните службеници од останатите институции:**

1. Развивање и стандардизирање на процедури за понатамошно спроведување на микроучењето за останатите институции од државната служба во Република Македонија;
2. Евалуирање на искуството од првата воведна употреба на системот за микроучење како комплементарен систем на класичниот начин на спроведување на генеричките обуки во државната служба во Република Македонија;
3. Проценка на вклучувањето на системот за микроучење како дел од севкупниот систем за обука на администрацијата во Република Македонија и можноста за негово користење како основна и/или дополнителна алатка за учење;
4. Оценување на прифатеноста на иновативниот систем за микроучење од страна на државните службеници од различни институции на државната служба во Република Македонија;
5. Ревидирање и подобрување на содржините на поединечните курсеви за генеричките обуки, спроведени со помош на системот за микроучење.

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Резултати од евалуацијата :**

- **67% од државните службеници учеле со помош на KnowledgePulse, а 43% целосно ги завршиле курсевите**. Ова е извонредно висок процент во случај кога се работи за учење со помош на информатички технологии, односно за сите типови на е-учење;
- 64% од лицата што започнуваат да го користат системот, ги завршуваат курсевите до крај;
- Речиси сите од учесниците учествувале на воведната презентација за микроучење и сметаат дека истата е корисна и може да биде дури и надополнета со практично демонстрирање на одговарање на неколку прашања;

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Резултати од евалуацијата** (продолжува)**:**



# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Резултати од евалуацијата** (продолжува):

- Во однос на **интегрирањето на KnowledgePulse во секојдневните активности** на службениците: најголем дел од учесниците не учат редовно секој ден, туку учат и по повеќе од 6 картички за учење дневно, во деновите кога имаат помалку работни обврски и со тоа курсот го поминуваат во рок пократок од предвидениот за учење;

- Големо мнозинство од корисниците се согласуваат дека KnowledgePulse за Windows е едноставен за употреба, обезбедува добар стимулус за учење, им помага да се навратат на содржината на обуката и истиот не ги одвлекува од секојдневната работа.

- Големо мнозинство од корисниците се согласуваат дека содржините за курсевите биле добро креирани, добро формулирани и разбирливи;

- **Дополнителните содржини** (кои им се нудат на корисниците во вид на линкови до одредени веб локации во полето “Контекст“) им помогнале да го дадат точиот одговор на прашањето и им овозможиле **брз пристап до соодветните закони, подзаконски акти и други извори на информации**;

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Резултати од евалуацијата** (продолжува):

Големо мнозинство од корисниците се согласуваат дека:

- **KnowledgePulse треба да се воведе како дополнителна алатка по спроведувањето на обуките од класичен тип (лице-в-лице)**,
- ако немале предзнаење за содржините на обуката, тешко ќе ми било да одговорат на прашањата од KnowledgePulse,
- **Учењето со KnowledgePulse не претставува вишок на информации ,**
- **Не би било доволно само да ја следеле обуката на класичен начин за да ги усвојат новите знаења,**
- **Имаат намера да го користат KnowledgePulse на редовна основа,** доколку KnowledgePulse им е достапен на работното место,
- **Имаат намера да го препорачаат KnowledgePulse на други лица**.

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Резултати од евалуацијата** (продолжува):

Поделени се мислењата за тоа дали курсевите со KnowledgePulse треба да се спроведуваат самостојно, без претходно корисниците да имаат посетено обука од класичен тип, во зависност од обемот и содржината на курсот што учесниците го следеле.

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

## Резултати од евалуацијата (продолжува):

**Анализата на отворените прашања** покажа дека на учесниците особено им се допаднало лесното учење и иновативниот пристап на KnowledgePulse. Дел од коментарите за тоа што им се допаднало на корисниците се:

- *Оваа алатка е одлично изработена. Ми се допаѓа брзината со која се отвораат картичките со што се овозможува да се постигне тотална концентрација кон исполнување на задачата. Би било добро, во скоро време да се понудат и други обуки, кои не мора да бидат секогаш на ниво на Закони и подзаконски акти. Обука за менаџмент на чр или јазични обуки се добра појдовна точка. Лекциите се добро креирани и иновативни,*

- *Ми се допаѓа што те потсетува дека треба да одговориш и да си го провериш знаењето и да научиш тоа што не го знаеш, можеби може да се подобри интеркативноста во смисла видео и звук,*

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Анализата на отворените прашања** (продолжува):

*- На обуката ги добив основните познавања за оваа област, а преку микроучењето со KnowledgePulse на многу лесен начин се зголемив моите познавања на Законот за електронско управување и подзаконските акти. Овој вид на обука не ми одзеде многу од работното време, а прашањата ги запаметив најбитните работи од оваа област. Би сакал и во иднина да го проширувам своето знаење на овој начин од било која област. Браво за тимот кој го изготви и реализираше курсот,*

*- Законите се повторуваат на интерсен начин и брзо се учи, без да се губи време од работа,*

*- Во иднина би било добро овој систем да се имплементира и на останатите државни службеници за да може и тие да го користат.*

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Анализата на отворените прашања** (продолжува):

Коментарите на отворените прашања може да се резимираат во неколку **препораки за спроведување на обуките со микроучење во иднина:**

- Учесниците сакаат да има вежби на кои може да го применат претходно научениот материјал,

- Со оглед на тоа што учењето со КП им помогнало на службениците да ги повторат законските регулативи кои ги користат во работењето, потребно е да биде опфатена поголема материја од материјалните закони, не само одредени поглавја туку целите закони да се пренесат со помош на прашања во КП,

- Потребно е да се креираат курсеви за повеќе различни теми кои ќе вклучуваат и поголем обем на прашања.

# 5) Спроведување пилот за микроучење за генеричките обуки со државни службеници од останатите институции

**Резултати од евалуацијата** (продолжува):

**Наведените резултати се охрабрувачки и укажуваат на голема прифатеност на системот за микроучење од страна на државните службеници и на голема подготвеност за користење на KnowledgePulse како дополнителна алатка за обука на работното место.**

Истите ја потврдуваат оправданоста на утврдените главни насоки за развој на системот за микроучење во иднина:

1. Користење на КП како комплементарен систем за учење на класичниот начин на спроведување на обуките, односно КП како дополнителна алатка,
2. Користење на КП како основно средство за генеричка обука во случаите кога има потреба за обука на голем број државни службеници во институциите за определена област, а истите не може да се реализираат на друг начин поради недостаток на финансиски средства, и
3. Користење на КП како основно и/или дополнително средство за специјализирана обука од страна на институциите на теми кои произлегуваат од нивните специфични надлежности и домен на работа.

# Спроведување на системот за микроучење во иднина

**Очекувани резултати:**

- Зголемување на бројот на државни службеници кои имаат достапност до обуки
- Намалување на трошоците за спроведување на обука- еднократен трошок за ангажирање експерт од областа кој ќе треба да ги креира материјалите за обука
- Институциите ќе имаат на располагање курсеви кои ќе може понатаму да ги користат секогаш кога за тоа ќе има потреба и истите да ги понудат на неограничен број на државни службеници
- Зголемен степен на реализација на Годишните програми за обука и нивно пореално програмирање во иднина